Бр./Nr 12-1510/2

05-01-2021 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – Општински ученички дом ------------------------- од ------------, на продолжението на 45-тата седница одржано на 30.12.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата за корупција бр. 12-1510/1 од 04.03.2020 година доставена од подносителот Општински ученички дом ------------------------- од -----------------, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за надлежно постапување по предметот со број 12-1510 од 2020 година.

Предметот со број 12-1510 од 04.03.2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1510 од 2020 година е оформен по пријава бр. 12-1510/1 од 04.03.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од подносителот Општински ученички дом ------------------------- од ------------.

Во пријавата се изнесени наводи против лицето -----------------------------------, поранешен директор на Општински ученички дом ---------------------------- од -----------, поради тоа што од негова страна не бил вратен службениот телефон кој му бил даден на користење од ученичкиот дом, во време кога тој ја извршувал функцијата директор, како и наводи против сегашниот директор ---------------------, поради тоа што од негова страна тоа не било побарано ниту пак биле преземени некакви мерки околу тоа прашање. Се бара ДКСК да постапи во врска со предметните наводи за злоупотреба и да преземе мерки во своја надлежност против наведените лица.

При разгледувањето на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и констатира дека во случајот станува збор за наводи по прашања поврзани со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека Државната комисија нема надлежност да се произнесува по однос на истите, односно ДКСК нема основ за надлежно постапување по овој предмет.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно членот 22 и членот 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**